**Вклучување на нови точки во дневниот ред**

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас можат по писмен пат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето со образложение или предлог одлука се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице.

Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оргинал, не постар од три дена
- Копија од лична карта или пасош

2. За акционер правно лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
- Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од десет дена
- Копија од лична карта или пасош на застапникот по закон

Предлогот заедно со документите за идентификација мора да биде примен во МАКПЕТРОЛ А.Д.- Скопје најдоцна во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на јавниот повик за одржување на годишно собрание на Друштвото.

Адреса на која се доставува барањето :

,,МАКПЕТРОЛ“ А.Д. - Скопје
Ул.Св.Кирил и Методиј бр.4
1000 Скопје
до Управниот одбор на Друштвото
Со назнака „за Годишно собрание“